# Лабораториска вежба 10.

Да се направи хипермедијална презентација со воведен дел и квиз со прашања и одговори за Каролина Гочева, со следниве карактеристики:

- На првиот слајд да има информации за авторот на презентацијата (име и презиме, број на индекс и факултет).
- На наредните три слајда да се даде кратка биографија за Каролина Гочева, со соодветни фотографии.
- На петтиот слајд да бидат поставени три прашања од соодветни на темата како квиз во вид на мени со хиперлинкови.
- На шестиот слајд да се прикаже првото прашање и под него да се понудат три одговори (еден точен и два неточни). Притоа, ако се кликне на точниот одговор да се премине на слајд кој содржи информација дека одговорот е точен, а потоа да постои можност за преминување на квизот за одговарање на друго прашање. Ако се кликне на неточен одговор да се премине на слајд кој содржи информација дека одговорот не е точен и да постои можност повторно да се одговара истото прашање.
- Оваа постапка да се повтори и за другите две прашања.
- На Интернет да се пронајдат слики кои соодветствуваат на поставените прашања и нивната големина да се унифицира. Тие да се постават на слајдовите каде се понудени одговорите на прашањата.
- На сите слајдови да биде применета една иста тема.
- На слајдот каде се поставени сите прашања да се постави интерактивно копче за излез од презентацијата. На првиот слајд да се постави интерактивно копче кое ќе овозможи премин на квизот. Да се примени соодветна анимација на текстот и сликите како и транзициони ефекти.